РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2680/2
01-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 42-та седница, одржано на ден 27.11.2020 година донесе

## Одлука

Пријавата со бр. 12 - 2680/1 од 13.05.2019 година доставена на електронска адреса од страна на непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметот со број 12 - 2608 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 2608/1 од 13.05.2019 година.

Предметот со број 12 - 2608 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12 - 2608 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 2608/1 од 13.05.2019 година, доставена на електронска адреса на Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител – анонимна пријава. Во доставената пријава се изнесени наводи за сомневања за мито за вработување во Рек Битола и за сомнителни постапки за јавни набавки. Наводите во пријавата се општи и нецелосни и не се наведува точно за кои точно постапки за вработување или за кои конкретни јавни набавки се однесуваат сомневањата.

По разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека во доставената пријава не се содржани доволно елементи и станува збор за општи и нецелосни наводи односно, во пријавата нема јасни наводи или укажувања за недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавните овластувања и службената должност и ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата( анонимна пријава)

по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое надлежно постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 27 ноември 2020 година под бр. 12- 2680/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до : Архива
Изработил: Ј.Ц, Советник
Одобрил : Г.Т., Член на ДКСК